ГЛАСИЛО
GAZETË
АПРИЛ - 2013
PRILL - 2013

# ЗЕЛС

ЗАЕДНИЦА НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА - ЗЕЛС

BASHKËSIA E NJËSIVE TË VETËQEVERISJES LOKALE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË - BNJVL

## БИОГРАФИИ НА ГРАДОНАЧАЛНИЦИТЕ ВО МАНДАТОТ 2013 - 2017 ГОДИНА

## BIOGRAFITË E KRYETARËVE GJATË MANDATEVE 2013-2017

Почитувани,

На сите градоначалници и на сите советници во локалната власт, кои на локалните избори, во оваа, 2013 година, ја добивте довербата од граѓаните, Ви ја честитам победата и во следните четири години Ви посакувам големи успеси во општините и активна взаемна соработка во рамките на ЗЕЛС.

„Гласилото на ЗЕЛС", по втор пат, го наменуваме за објавување на кратките биографии и фотографии од сите новоизбрани градоначалници. Оваа практика, што ја воспоставивме од локалните избори во 2009 година, им се допадна на голем број наши читатели. Тие истакнаа дека имаат ретка можност, на едно место да ги „запознаат" сите новоизбрани градоначалници, па затоа одлучивме оваа идеја да ја преточиме во традиција.

Ме радува фактот, што значителен број градоначалници довербата од граѓаните ја добија по втор пат, а некои и по трет и по четврти пат. Забележав дека и одредени претседатели на општински совети, кои беа членови во Комитетот на советите, значајно тело во ЗЕЛС, исто така, на овие локални избори ја добија довербата од своите сограѓани и станаа градоначалници на општини. Сигурна сум дека тоа ќе овозможи уште поголем напредок на ЗЕЛС, бидејќи тие веќе во претходните мандати, имаа можност да се запознаат со значењето и со поддршката што ЗЕЛС им ја дава на сите локални власти во земјата.

Управувањето со општинската администрација и донесувањето на значајни одлуки на општинскиот совет, претставуваат основните двигатели на развојот на локалната заедница, а со тоа и на целокупното општество. По имплементацијата на децентрализација во земјава, во 2005 година, локалните власти се соочија со големи предизвици при извршувањето на доверените надлежности. Сепак, праксата низ сите овие години покажува дека овој процес, во нашата земја, во континуитет се развива и постојано напредува. Сметам дека во голем процент тоа е резултат на единството што го имаат сите локални власти во земјава при донесувањето на одлуките за решавање на овие предизвици и нивниот заеднички настап, преку ЗЕЛС, пред релевантните институции.

ЗЕЛС, како национална асоцијација на единиците на локалната самоуправа во Република Македонија, во која членуваат сите 80 општини и Градот Скопје, како и досега и понатаму ќе продолжи да ги застапува интересите на локалните власти пред централната власт и да лобира за изградба на систем на локална самоуправа по мерка на граѓаните, со единици на локална самоуправа кои се успешни, ефикасни и финансиски независни. ЗЕЛС преку своите тела: Генерално собрание, Управен одбор, Надзорен одбор и Комитетот на советите, како и преку 13-те комисии и 14-те мрежи на општинска администрација, ги сублимира и ги синтетизира сите проблеми кои произлегуваат при извршувањето на локалните надлежности во вид на СИСТЕМАТИЗИРАНИ СТАВОВИ. Потоа, со овие ставови и со конкретни предлози, ЗЕЛС настапува пред централната власт, со цел обезбедување на адекватни законски решенија за подобрување на условите за спроведување на доверените надлежности од локалните власти. Во изминатиов период ,токму единството во ЗЕЛС ни овозможи да се наметнеме како достоен партнер на централата власт и да постигнеме бројни значајни успеси. Сакам да истакнам дека ЗЕЛС и во иднина ќе се залага за одржување на ова единство на нејзините членки, почитувајќи ги вредностите на неполитизираност, рамноправност, достапност, лојалност, независност, европски стандарди и професионално работење. Сепак, сакам да нагласам дека ЗЕЛС, исто така, интензивно е посветена и на зајакнување на капацитетите на општинската администрација, преку ЗЕЛС тренинг центарот ( ЗТЦ), како и на јакнење на поддршката за општините за создавање на „ е –општина", преку ЗЕЛС единицата за поддршка на електронските општини ( ЗЕПЕ). За ова ќе имаме многу прилики да говориме понатаму низ низа конкретни активности.

Уште еднаш Ви посакувам успех во извршувањето на обврските и се надевам на одлична взаемна соработка.

Со почит,

Душица Перишиќ
Извршен директор на ЗЕЛС



Të nderuar,

Të gjithë kryetarëve dhe të gjithë këshilltarëve të qeverisjes lokale, të cilët në zgjedhjet lokale, në vitin 2013, e fituan besimin e qytetarëve, Ju uroj për fitoren dhe në katër vitet në vijim ju uroj sa më shumë suksese në komunat dhe bashkëpunim aktiv në kuadër të BNJVL-së.

"Gazeta e BNJVL-së", përdoret për herë të dytë për publikim të biografive të shkurtra dhe fotografive të të gjithë kryetarëve të sapozgjedhur. Kjo praktikë, që e përcaktuam nga zgjedhjet lokale të vitit 2009, është e pëlqyer nga një numër i madh lexuesish. Ata theksuan se kanë një mundësi të rrallë, në një vend ti „njoftojnë", të gjithë kryetarët të sapozgjedhur, dhe më pas vendosëm kjo ide të bëhet tradita jonë.

Më gëzon fakti, që një numër i madh kryetarësh, e fituan besimin e qytetarëve për herë të dytë, kurse disa për herë të tretë dhe të katërt. Vura re që kryetarë të caktuar të këshillave të komunave, të cilët kanë qënë pjesëtarë në Komitetin e këshillave, trup i rëndësishëm i BNJVL-së, gjithashtu, në këto zgjedhje lokale e fituan besimin e bashkëqytetarëve të tyre dhe u bënë kryetarë të komunave. Jam e sigurtë se kjo do të mundësojë përparim më të madh të BNJVL-së, meqë ata në mandatet paraprake, patën mundësinë të njoftohen edhe me kontributin e BNJVL-së ndaj gjithë autoriteteve lokale në vend.

Udhëheqja e administratës komunale dhe miratimi i vendimeve të rëndësishme në Këshillin e Komunës paraqesin drejtues kryesorë të zhvillimit të bashkësisë lokale, dhe me këtë, të të gjithë shoqërisë. Pas zbatimit të decentralizimit në vend, në vitin 2005, autoritetet lokale u ballafaquan me sfida të mëdhaja gjatë kryerjes së obligimeve të dhëna. Gjithsesi, praktika në këto vite dëshmon se ky proçes, në vendin tonë, zhvillohet dhe përparon vazhdimisht. Konsideroj se në përqindje të madhe ky është rezultat i bashkimit që e kanë të gjitha autoritetet lokale në vend gjatë miratimit të vendimeve për zgjidhjen e këtyre sfidave dhe performansës së tyre të përbashkët, nëpermjet BNJVL-së, përpara institucioneve të rëndësishme.

BNJVL-ja, si asocim kombëtar i njësive të vetëqeverisjes lokale në Republikën e Maqedonisë, në të cilën marrin pjesë të gjitha 80 komunat dhe qyteti i Shkupit, si tani dhe më tutje do vazhdojë ti përfaqësojë interesat e autoriteteve lokale para autoritetit qendror dhe ti bindë për ndërtimin e sistemit të vetëqeverisjes lokale sipas masës së qytetarëve, me njësi të suksesshme të vetëqeverisjes lokale, efikase dhe financiarisht të pavarura. BNJVL-ja përmes organeve të saja: Kuvendi Gjeneral, Bordi Drejtues, Bordi Mbikëqyrës dhe Komiteti i Këshillëve, si dhe përmes 13 Komisioneve dhe 14 Rrjeteve të administratës komunale, i përmbledh dhe i sintetizon të gjitha çështjet të cilat dalin gjatë kryerjes së obligimeve lokale në formë të QËNDRIMEVE TË SISTEMATIZUARA. Më tutje, me qëndrimet e këtilla dhe propozime konkrete, BNJVL-ja vepron para autoritetit qendror, me qëllim të sigurojë zgjedhje të përshtatshme ligjore për përmirësimin e kushteve për zbatimin e obligimeve të dhëna nga autoritetet lokale. Në periudhën e kaluar, pikërisht bashkimi i BNJVL-së na mundësoi të paraqitemi si partner dinjitoz i autoritetit lokal dhe të arrijmë suksese të shumta. Dua ta theksoj se BNJVL-ja edhe në të ardhmen do të merret me mirëmbajtjen e këtij bashkimi të anëtarëve të saj duke i respektuar vlerat e jopolitizimit, barazisë, disponueshmërisë, lojalitetit, pavarësisë, standardeve europiane dhe punës profesionale. Mirëpo, dua ta theksoj se BNJVL-ja, gjithashtu në mënyrë intenzive dedikohet ndaj përforcimit të kapaciteteve të administratës komunale, nëpërmjet Qendrës së Trajnimeve të BNJVL-së (BQT), si dhe përkrahjes ndaj komunave gjatë krijimit të "e-komunës" përmes njësisë së BNJVL-së për përkrahjen e komunave elektronike (ZEPE). Për këtë do të kemi më shumë mundësi të diskutojmë më tej përmes aktiviteteve konkrete.

Edhe një herë Ju uroj sukses gjatë kryerjes së obligimeve dhe shpresoj në bashkëpunim të shkëlqyer të përbashkët.

Me respekt,

Dushica Perishiq
Drejtor ekzekutiv i BJNVL-së

**Заедница на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија - ЗЕЛС**
Тел.+389(0)2 30 99 033/ факс.+389(0) 2 30 61 994
Ул. Женевска бб. п. фах 32, 1000 Скопје, Република Македонија
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk
Извршен директор на ЗЕЛС: Душица Перишиќ
Заменик на извршен директор на ЗЕЛС: Ардита Дема -Мехмети
Уреднички колегиум: Весна Арсовска –Динковска, Виктор Арнаудоски
Дизајн, подготовка за печатење и печатење: Арс Ламина
Лекторирал: Момент мал
Преведоа: Висар Полику и Валентина Трајко

**Bashkësia e njësive të vetëqeverisjes lokale të Republikës së Maqedonisë**
Tel.+389(0)2 30 99 033/ faks.+389(0) 2 30 61 994
Rr. Zhenevska pa nr., fah post. 32, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë
contact@zels.org.mk, www.zels.org.mk
Drejtor ekzekutiv: Dushica Perishiq
Zëvendës i drejtorit ekzekutiv: Ardita Dema-Mehmeti
Bordi redaktues: Vesna Arsovska – Dinkovska, Viktor Arnaudoski
Dizajnim, pëgatitje për shtyp dhe shtypje: Ars Llamina
Lektoroi: Moment mal
Përkthyen: Visar Poliku dhe Valentina Trajko

Општина Аеродром
Градоначалник: **ИВИЦА КОНЕВСКИ**
(ВМРО-ДПМНЕ)



Ивица Коневски е роден на 14 декември 1978 година во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј", во Скопје и положил правосуден испит. Од 2005 до 2006 година бил член на Советот на Град Скопје. Во 2006 година бил именуван за генерален директор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија (ЈПССДП). Бил претседател на Бордот на директори на Градскиот трговски центар. На локалните избори во 2013 година, граѓаните по втор пат го избраа за градоначалник на општина Аеродром. Во претходниот мандат, во тимска работа со општинската администрација и со помош на одлуките на Советот на општината, придонел за значително подобрување на урбаните услови за живот во општината, при што се донесени 20-тина урбанистички планови, изградена е фекална канализација во руралниот дел на општината, реконструирани се дел од основните училишта и детските градинки. Во 2009 година беше прогласен за најспортски градоначалник, а во 2012 година за најуспешен градоначалник. Ивица Коневски важи за млад и динамичен политичар и менаџер со европски кодекс на однесување. На Генералното собрание на ЗЕЛС, во јули, 2011 година, беше избран за член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Како претставник од ЗЕЛС е избран за делегат во Заедничкиот консултативен комитет меѓу Република Македонија и Комитетот на региони во Европската унија.

Komuna e Aerodromit
Kryetar: **IVICA KONEVSKI**
(VMRO-DPMNE)

Ivica Konevski ka lindur më 14 dhjetor të vitit 1978 në Shkup. Ka diplomuar në Fakultetin e Drejtësisë në Univerzitetin "Shën Qirili dhe Metodi" në Shkup dhe ka kaluar provimin e jurisprudencës. Duke filluar nga viti 2005 deri më 2006, Konevski ka qenë anëtar i Këshillit të qytetit të Shkupit. Në vitin 2006 u emërua Drejtor Gjeneral i Ndërmarrjes publike për ekonomizimin me hapësirën banesore dhe afariste. Gjithashtu, ka qenë edhe kryetar i Bordit të drejtorëve në Qendrën Tregtare. Në zgjedhjet lokale të vitit 2013, qytetarët e zgjodhën si kryetar të komunës së Aerodromit për herë të dytë. Në mandatin paraprak, në bashkëpunim me administratën e komunës dhe me ndihmën e vendimeve nga Këshilli i Komunës, z. Konevski ka kontribuar në përmirësimin e jashtëzakonshëm të kushteve urbane jetësore në komunë, ku janë miratuar rreth 20 plane urbanistike, është ndërtuar kanalizimi fekal në pjesën rurale të komunës dhe janë rikonstruktuar pjesë të shkollave fillore dhe çerdheve për femijë. Në vitin 2009, ai u shpall kryetar komune më sportiv, ndërsa në vitin 2012 si kryetar komune më i suksesshëm. Mes tjerash, Ivica Konevski konsiderohet si politikan i ri dhe dinamik dhe menaxher me kodeks europian të mirësjelljes. Në Kuvendin Gjeneral të BNJVL-së, në korrik të vitit 2011, ai u zgjodh si anëtar i Bordit Drejtues të BNJVL-së. Si përfaqësues i BNJVL-së, z. Konevski u zgjodh si delegat në Komisionin e Përbashkët Konsultativ ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe Komisionit të Rajoneve në Bashkimin Europian.

Општина Арачиново
Градоначалник: **БРАХИМ АЈВАЗИ** (ДУИ)



Брахим Ајвази е роден на 18 јануари, 1962 година во село Танушевци. Вишо образование завршил на УКИМ во Скопје, на Природно-математичкиот факултет / отсек Биологија и Хемија, а потоа, со високо образование се стекнал на Педагошкиот факултет, повторно при УКИМ –Скопје. Работел како наставник по билогија и хемија во основното училиште „Лирија" во село Танушевци, како и во други училишта. Од 2005 година е директор на училиштето „Ѓерѓ Кастриот Скендербег". Во три мандати бил член на Советот на општина Арачиново и тоа во периодот од 1996-2000 година, како и во двата мандата од 2005 до 2009 година. На локалните избори во 2013 година жителите на општина Арачиново му ја дадоа довербата за градоначалник на општината. Оженет, има едно дете.

Komuna e Haraçinës
Kryetar: **BRAHIM AJVAZI** (BDI)

Brahim Ajvazi ka lindur më 18 janar të vitit 1962 në fshatin Tanushë. Arsimin e lartë e kreu në Univerzitetin "Shën Qirili dhe Metodi" në Shkup, në Fakultetin Natyroro-Matematikor, dega Biologji dhe Kimi. Gjithashtu, ka kryer edhe Fakultetin Pedadogjik në Univerzitetin "Shën Qirili dhe Metodi" në Shkup. Ka punuar si arsimtar i biologjisë dhe kimisë në shkollën fillore "Liria" në fshatin Tanushë, si dhe në shkolla tjera. Nga viti 2005, ka qenë drejtor i shkollës "Gjergj Kastrioti Skenderbeu". Gjatë tre mandateve të tij, ka qenë anëtar i Këshillit në komunën e Haraçinës në periudhën kohore nga 1996-2000, si dhe në dy mandatet nga viti 2005-2009. Në zgjedhjet lokale të vitit 2013 banorët e komunës së Haraçinës përsëri e kanë zgjedhur si kryetar komune. Ndërkaq, është i martuar dhe ka një fëmijë.

Општина Берово
Градоначалник: **ДРАГИ НАЏИНСКИ**
(ВМРО-ДПМНЕ)



Драги Наџински е роден на 17 ноември, 1958 година, во Берово. Тој е дипломиран инженер по шумарство и поголемиот дел од негово работно искуство го минал во оваа областа. Од 1986 година бил раководител по користење на шуми во „Малешево" во Берово, каде извесен период бил технички директор на претпријатието и директор – раководител на подружницата „Малешево". Од 2002 до 2005 година бил референт по користење на шуми во Јавното претпријатие „Македонски шуми"- Берово, потоа бил менаџер на ДОО „Малеш-бреза", а од 2007 година до изборот за градоначалник на општината Берово, во 2009 година, бил командир на шумско -полициската станица во истиот град. На локалните избори 2013 година, по втор пат, по изборите во 2009 година, е избран за градоначалник на општина Берово. Како позначајни реализирани проекти

Komuna e Berovës
Kryetar: **DRAGI NAXHINSKI**
(VMRO-DPMNE)

Dragi Naxhinski ka lindur më 17 nëntor të vitit 1958 në Berovë. Përsa i përket arsimit të lartë, duhet cekur se z. Naxhinski është inxhinier i diplomuar në pylltari. Prandaj, pjesën më të madhe të përvojës së punës e ka kaluar pikërisht në këtë lëmi. Nga viti 1986, ka qenë udhëheqës i përdorimit të pyjeve në "Maleshevë" të Berovës, ku për një kohë të caktuar ka punuar edhe si drejtor teknik në ndërmarrjen dhe drejtor –udhëheqës i filialës "Maleshevë". Nga viti 2002 deri në vitin 2005 ka punuar si referent në përdorimin e pyjeve në Ndërmarrjen publike "Makedonski Shumi" në Berovë. Pastaj, ka qenë edhe menaxher i SHPK "Malesh-breza", ndërsa që nga viti 2007 deri në mbajtjen e zgjedhjeve lokale për kryetar të komunës së Berovës, në vitin 2009 shërbeu si komandant i stacionit policor të pyjeve në Berovë. Në zgjedhjet lokale të vitit 2013, për të dytën herë, pas zgjedhjeve të vitit 2009, u zgjodh si kryetar i komunës së Berovës.

ги истакнува изградбата на атмосферска канализација и асфалтирањето на улицата „Маршал Тито" во Берово, уредувањето на плоштадот „Димитар Беровски", изградбата на подрачно училиште во село Мачево, реконструкција и рехабилитација на локални патишта. На Генералното собрание на ЗЕЛС, во јули, 2011 година, беше избран, за член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Женет е и е татко на две деца.

Si projekte më të rëndësishme të cilat i ka realizuar, veçohen këto në vijim: ndërtimi i kanalizimit atmosferik dhe asfaltimi i rrugës "Marshall Tito" në Berovë, rinovimi i sheshit "Dimitar Berovski", ndërtimi i shkollës rajonale në fshatin Maçevo, rikonstruimi dhe rehabilitimi i rrugëve lokale. Në Kuvendin Gjeneral të BNJVL-së, në korrik të vitit 2011 u zgjodh si anëtar i Bordit drejtues të BNJVL-së. Është i martuar dhe ka dy fëmijë.

## Општина Битола
**Градоначалник: ВЛАДИМИР ТАЛЕВСКИ**
(ВМРО – ДПМНЕ)



Владимир Талевски е роден на седми март, 1959 година, во Кичево. Во 1983 година се стекнал со диплома –драмски актер на Факултетот за драмски уметности – Скопје, магистрирал театарска режија на Универзитетот за аудиовизуелни уметности - Европска филмска академија ЕСРА Париз –Скопје -Њујорк, отсек -театарска режија, (август 2011 година). Активно зборува англиски јазик. Во својот професионален ангажман играл повеќе насловни и главни улоги во дела од најголемите светски автори и учествувал на бројни театарски фестивали во земјава и странство. Исто така, пишувал текстови за театарски претстави, сценарија за телевизиски емисии и режирал над десетина театарски претстави, за што добил поголем број награди. За градоначалник на општина Битола е избран во 2005 година, потоа во 2009 година и по трет пат на локалните избори во 2013 година. Досега реализирал голем број капитални проекти, а за особено значаен ја истакнува индустриската зона Жабени, во која веќе има фабрики од интернационални брендови. Добрата бизнис клима во општината ја потврдуваат и двете големи признанија од Светската банка, добиени во 2008 и 2011 година. Општината се стекнува со ИСО 9001:2008, што го потврдува и во 2011 година. Како градоначалник на општина Битола, Талевски придонел таа да биде наградувана како транспарентна општина со високи лидерски капацитети. Тој има повеќе двогодишни мандати како член на Управниот одбор на ЗЕЛС, а како претставник од ЗЕЛС е избран за делегат во Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа и како делегат во Заедничката консултативна комисија помеѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската унија. Женет е и татко на две деца.

## Komuna e Manastirit
**Kryetar: VLLADIMIR TALEVSKI**
(VMRO-DPMNE)

Vlladimir Talevski ka lindur më shtatë mars të vitit 1959 në Kërçovë. Në vitin 1983 ka fituar titullin aktor dramatik në Fakultetin e arteve të dramës në Shkup. Pastaj ka magjistruar për regjizor teatral në Univerzitetin e Arteve Audiovizuale-Akademia Europiane e Filmit ESRA Pariz-Shkup-Njujork, dega e regjisë teatrale në gusht të vitit 2011. Ndërkaq, rrjedhshëm e flet gjuhën angleze. Në angazhimin e tij profesional ka luajtur disa role kryesore në veprat e autorëve më të mëdhenj botërorë dhe ka marrë pjesë në festivale të shumta teatrale, skenarë për programe televizive dhe ka regjuar mbi dhjetëra pikë teatrale për të cilat ka fituar edhe numër të madh çmimesh. Ndërsa, si kryetar i komunës së Manastirit u zgjodh më vitin 2005, pastaj më vitin 2009 dhe për të tretën herë në zgjedhjet lokale të vitit 2013. Deri më tani ka realizuar disa projekte kapitale ndërsa si i posaçëm veçohet ai që ka të bëjë me zonën industriale "Zhabeni", ku gjenden fabrika nga brende ndërkombëtare. Klimën e favorshme të biznesit të kësaj komune e vërtetojnë edhe dy mirënjohjet e mëdha të ndara nga Banka Botërore, të fituara në vitin 2008 dhe 2011. Komuna e fiton ISO 9001: 2008 standardin, gjë që vërtetohet edhe në vitin 2011. Si kryetar i komunës së Manastirit, Talevski ka kontribuar që e njejta të fitojë çmime si komunë transparente me kapacitete më të larta për udhëheqje. Ai ka përjetuar disa mandate dyvjetore si anëtar i Bordit drejtues të BNJVL-së, ndërsa si përfaqësues i BNJVL-së është zgjedhur si delegat në Kongresin për autoritetet lokale dhe regjionale në Këshillin e Europës. Më tutje, ai ka qenë edhe delegat në Komisionin e Përbashkët Konsultativ ndërmjet Republikës së Maqedonisë dhe Komisionit të Rajoneve në Bashkimin Europian. Është i martuar dhe ka dy fëmijë.

## Општина Богданци
**Градоначалник: АНАСТАСИЈА ОЛУМЧЕВА**
(ВМРО-ДПМНЕ)



Анастасија Олумчева е родена на шести септември 1982 година, во Гевгелија. Дипломирала на Архитектонски факултет, во Скопје каде се здобила со звање дипломиран инженер архитект. Од 2007 до 2009 година работела како проектант/соработник во фирмата „Тетрактис" - ДООЕЛ Скопје, а следната година на исто работно место е во фирмата „Етапа Проект "-Скопје , потоа од 2011 година до 2013 година била помлад соработник за комунални работи , во општина Дојран и од 2010-2011 година била во одделението за урбанизам на општина Богданци. Во 2013 година, на локалните избори, жителите на општина Богданци ѝ ја доверија градоначалничката функција .

## Komuna e Bogdancit
**Kryetare: ANASTASIJA OLLUMÇEVA**
(VMRO-DPMNE)

Anastasija Ollumçeva ka lindur më gjashtë shtator të vitit 1982 në Gjevgjeli. Ka diplomuar në Fakultetin e Arkitekturës në Shkup ku ka fituar titullin inxhinier i diplomuar-arkitekt. Nga viti 2007 deri më 2009 ka punuar si projektuese/bashkëpunëtore në ndërmarrjen "Tetraktis" SHPKNJP Shkup, ndërsa në vitin e ardhshëm e ka fituar të njejtin vend pune në ndërmarrjen "Etapa Proekt" në Shkup. Pastaj, nga viti 2011 deri më 2013 ka punuar si bashkëpunëtor më i ri për çështje komunale në komunën e Dojranit, ndërsa në periudhën 2010-2011 ka qenë përgjegjëse në departamentin e urbanizmit në komunën e Bogdancit. Në zgjedhjet lokale të vitit 2013, banorët e komunës së Bogdancit i`a kanë dhënë titullin kryetare komune.

## Општина Боговиње
**Градоначалник: ХАЗБИ ИДРИЗИ** ( ДУИ)



Хазби Идризи е роден на 21 март, 1959 година во Боговиње. Во 1985 година дипломирал на Економскиот факултет во Приштина. Работел како овластен сметководител од 1985 до 1995 година. Во периодот од 1998 до 2000 година бил директор на Фондот за локални патишта во општина Тетово. Од 2000 до 2005 година бил градоначалник на општина Боговиње, потоа од март 2005 година бил раководител на Одделението за ЛЕР во општината, од 2007 до 2008 година бил директор на ЈКП „Шари"- Боговиње. Зборува македонски јазик, француски и српски. На локалните избори во 2009 година бил избран за градоначалник на општина Боговиње, по втор пат, а во 2013 година довербата од граѓаните ја добил и по трет пат. Меѓу позначајните реализирани проекти го посочува проектот за енергетска ефикасност, со кој се реконструирани шест училишни објект. Во својот работен век има добиено повеќе благодарници и признанија, меѓу кои најдраги му се оние за учество и иницирање на низа хуманитарни активности и за подобрување на едукативниот процес и спортските активности на учениците. Како претставник од ЗЕЛС, член е на Комисијата за следење на развојот на системот на финансирање на општините. Хазби Идризи е оженет и има две деца.

## Komuna e Bogovinës
**Kryetar: HAZBI IDRIZI** (BDI)

Hazbi Idrizi ka lindur më 21 mars të vitit 1959 në Bogovinë. Në vitin 1985 ka diplomuar në Fakultetin Ekonomik në Prishtinë. Ka punuar si kontabilist i autorizuar nga viti 1985 deri më vitin 1995. Në periudhën nga 1998-2000 ka qenë drejtor i fondit për rrugë lokale në komunën e Tetovës. Nga viti 2000 deri më 2005 ka qenë kryetar i komunës së Bogovinës. Pastaj nga marsi i 2005-tës ka punuar si udhëheqës i departamentit i ZHEL-it në komunën e njejtë, ndërsa nga 2007-2008 ka qenë drejtor i NKP "Sharri" në Bogovinë. Rrjedhshëm e flet gjuhën maqedonase, françeze dhe serbe. Në zgjedhjet lokale të 2009-tës është zgjedhur kryetar i komunës së Bogovinës për herë të dytë, ndërsa për të tretën herë të njejtin pozicion e fiton përsëri nga ana e qytetarëve. Mes projekteve më të suksesshme të realizuara veçohet projekti për Efikasitet Energjetik me të cilin u rikonstruktuan gjashtë shkolla. Gjatë profesionit të tij, ka fituar shumë mirënjohje dhe falënderime mes cilash më të veçanta janë ato ku ka qenë pjesëtar dhe ka inicuar plot aktivitete humanitare si dhe ka kontribuar për përmirësimin e proçesit arsimor dhe aktiviteteve sportive të nxënësve. Gjithashtu, ai është edhe përfaqësues i BNJVL-së, anëtar i Komisionit për ndjekje të zhvillimit të sistemit për financim të komunave. Hazbi Idrizi është i martuar dhe ka dy fëmijë.

## Општина Босилово
**Градоначалник: ЉУПЧО КОЛЕВ** (ВМРО-ДПМНЕ)



Љупчо Колев е роден на први ноември, 1960 година во Струмица. Средно образование завршил во ДСУ „Јане Сандански", Струмица. Во 1985 година завршил Економски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје. Извршувал раководни функции во неколку приватни компании, јавни претпријатија и државни институции. На локалните избори во 2013 година, жителите на општина Босилово, последователно, по втор пат, му ја доверуваат градоначалничката функција. Од 2009 година до јули, 2011 година Љупчо Колев беше член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Оженет е и татко на едно дете.

## Komuna e Bosilovës
**Kryetar: LJUPÇO KOLEV** (VMRO-DPMNE)

Ljupço Kolev ka lindur më një nëntor të vitit 1960 në Strumicë. Shkollën e mesme e ka kryer në SHMSH "Jane Sandanski" në Strumicë. Në vitin 1985 e ka mbaruar Fakultetin e Ekonomisë në Univerzitetin "Shën Qirili dhe Metodi" në Shkup. Ka punuar si udhëheqës në disa ndërmarrje private, publike dhe institucione shtetërore. Në zgjedhjet lokale të vitit 2013, banorët e komunës së Bosilovës për herë të dytë e zgjodhën si kryetar. Nga viti 2009 deri në korrik të vitit 2011, Ljupço Kolev ishte anëtar i Bordit drejtues të BNJVL-së. Është i martuar dhe ka një fëmijë.

## Општина Брвеница
**Градоначалник: ЕНВЕР ПАЈАЗИТИ** (ДУИ)



Енвер Пајазити е роден на први февруари, 1962 година во село Челопек. Дипломирал на Ветеринарниот факултет во Сараево. Од 1989-2002 се занимавал со приватен бизнис, во 2002 бил директор на осигурителната компанија „СИГМА", а од 2005 година е застапник на брендот на автомобили Volkswagen за Тетово. Зборува германски јазик. Оженет е и татко на три деца. На локалните избори во 2013 година, беше избран за градоначалник по втор пат. Реализирал поголем број проекти, меѓу кои ги издвојува изградбата на фекални канализации и на локални патишта во населените места во општината. Од 2009 година, како претставник од ЗЕЛС е делегат во Конгресот на локални и регионални власти во Советот на Европа.

## Komuna e Bërvenicës
**Kryetar: ENVER PAJAZITI** (BDI)

Enver Pajaziti ka lindur më date një shkurt të vitit 1962 në fshatin Çellopek. Ka diplomuar në Fakultetin e Veterinarisë në Sarajevë. Nga viti 1989 deri më 2002 ka udhëhequr biznes privat, ndërsa në vitin 2002 u bë drejtor i kompanisë së sigurimit "SIGMA". Nga viti 2005 i`u bashkangjit brendit "Volkswagen" në Tetovë si përfaqësues. E flet gjuhën gjermane. Në zgjedhjet lokale të vitit 2013 është zgjedhur kryetar për herë të dytë. Ka realizuar shumë projekte mes cilash veçohet ndërtimi i kanalizimeve fekale dhe rrugëve lokale në vendbanimet e komunës. Nga viti 2009, si përfaqësues i BNJVL-së është edhe delegat i Kongresit të autoriteteve lokale dhe rajonale në kuadër të Këshillit të Europës. Është i martuar dhe ka tre fëmijë.

Општина Бутел
Градоначалник: **ПЕТРЕ ЛАТИНОВСКИ**
(ВМРО-ДПМНЕ)



Komuna e Butelit
Kryetar: **PETRE LLATINOVSKI**
(VMRO-DPMNE)

Петре Латиновски е роден на 29 октомври, 1954 година во Радишани. Дипломирал на Природно-математичкиот факултет / отсек Географија, при УКИМ- Скопје. Од 1978 – 1999 година работел како професор по географија во средното економско училиште „Арсениј Јовков", каде од 1999 до 2003 година бил директор. Во 2005 година е избран за прв градоначалник на новоформираната општина Бутел. Довербата од граѓаните ја добил и на изборите во 2009 година, како и во 2013 година, кога го добива и третиот градоначалнички мандат ва општината. Во минатите осум години реализирал низа проекти, меѓу кои 40 км. фекална канализација, 25 км. локални патишта, 20 км. водоводна мрежа, како и изградбата на новата административна зграда на општина Бутел. Генералното собрание на ЗЕЛС му доверува неколку двогодишни мандати за член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Петре Латиновски е сопруг, татко на две деца и дедо на две внучиња.

Petre Llatinovski ka lindur më 29 tetor të vitit 1954 në Radishani. Ka diplomuar në Fakultetin Natyroro-Matematikor, dega e Gjeografisë në Univerzitetin "Shën Qirili dhe Metodi" në Shkup. Në periudhën kohore 1978-1999 ka punuar si profesor i gjeografisë në shkollën e mesme ekonomike "Arsenij Jovkov" ku nga viti 1999-2003 ka punuar si drejtor. Në vitin 2005 është zgjedhur kryetar i komunës të sapoformuar të Butelit. Përsëri e fitoi besimin e qytetarëve në zgjedhjet e vitit 2009, si dhe në vitin 2013 kur për herë të tretë e fitoi mandatin e kryetarit të komunës. Gjatë 8 viteve të fundit ka realizuar një sërë projektesh, mes cilash 40 km kanalizim fekal, 25 km rrugë lokale, 20 km rrjet i ujësjellјes si dhe ndërtim i ndërtesës së re të administratës në komunën e Butelit. Ndërkaq, Kuvendi Gjeneral i BNJVL-së i ofron disa mandate dyvjetore si anëtar i Bordit drejtues të BNJVL-së. Petre Llatinovski është bashkëshort, baba i dy fëmijëve dhe gjysh i dy nipërve.

Општина Валандово
Градоначалник: **НИКОЛЧЕ ЧУРЛИНОВСКИ**
(ВМРО-ДПМНЕ)



Komuna e Vallandovës
Kryetar: **NIKOLLÇE ÇURLINOVSKI**
(VMRO-DPMNE)

Николче Чурлиновски е роден на осми февруари, 1958 година во Врање. Основно и средно образование завршил во Скопје, каде што дипломирал на Медицинскиот факултет во 1986 година, а потоа специјализирал училишна медицина во 1996 година. Бил вработен во Здравствен дом - Валандово во 1998 година, а одреден период ја извршувал и директорската функција. Бил претседател на месна заедница „Пирава" од 2000 до 2004 година. За градоначалник на општина Валандово граѓаните го избрале во три последователни мандати: на локалните избори во 2005, потоа во 2009 и во 2013 година. Како најзначаен проект, реализиран во претходниот мандат, го издвојува реализирањето на индустриската зона во село Раброво, со површина од околу 17 хектари. Во неколку двогодишни мандати, Чурлиновски е избиран од Генералното собрание на ЗЕЛС за член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Од 2009 до 2011 година бил претседател на Центарот за развој на Југоисточниот регион. Оженет е и татко на две деца.

Nikollçe Çurlinovski ka lindur më tetë shkurt të vitit 1958 në Vranjë. Shkollën fillore dhe të mesme e ka kryer në Shkup, ku edhe ka diplomuar në Fakultetin e Mjekësisë në vitin 1986, duke vazhduar me specijalizim në mjekësi shkollore në vitin 1996. Ka qenë i punësuar në Shtëpinë Shëndetësore "Valandovo" në vitin 1998, ndërsa për një periudhë të caktuar ka punuar edhe si drejtor. Ka qenë edhe kryetar i komunitetit vendor "Pirava" nga viti 2000 deri më vitin 2004. Qytetarët e Valandovës e zgjodhën kryetar komune në tre mandate të njëpasnjëshme: në zgjedhet lokale të vitit 2005, pastaj në 2009 dhe në 2013. Si projekt më i rëndësishëm i realizuar në mandatin paraprak veçohet realizimi i zonës industriale në fshatin Rabrovë, me sipërfaqe prej rreth 17 hektarëve. Në disa mandate dyvjetore, Çurlinovski është zgjedhur anëtar i Bordit drejtues të BNJVL-së nga Kuvendi Gjeneral. Nga viti 2009 deri më 2011 ka qenë kryetar në Qendrën për zhvillim të rajonit juglindor. Është i martuar dhe ka dy fëmijë.

Општина Василево
Градоначалник: **ВАНЧО СТОЈАНОВ**
(ВМРО-ДПМНЕ)



Komuna e Vasilevës
Kryetar: **VANÇO STOJANOV**
(VMRO-DPMNE)

Ванчо Стојанов е роден на први јануари, 1967 година, во Струмица. Завршил во средното медицинско училиште во Скопје, насока - медицински лаборант, а потоа на Високата медицинска школа, во Битола се стекнал со звањето дипломиран лабораториски аналитичар. Бил раководител на Клиничко - биохемиската лабораторија во Медицинскиот центар во Струмица, при што стекнал значително искуството за менаџирање, управување и тимска работа. Говори три странски јазици: англиски, германски и грчки. Хуманитарната дејност и поддршката на социјално загрозени лица, се активности кои го отсликуваат хуманиот карактер на Стојанов, заради што со големо задоволство го потенцира членувањето во Управниот одбор на Црвен крст–Струмица. На локалните избори во 2013 година, по втор пат граѓаните го избираат за градоначалник на општина Василево. Од претходниот мандат ги потенцира проектите кои обезбедуваат поголем локален економски развој, како што е отворањата на индустриски зони, а од особено значење

Vanço Stojanov ka lindur më një janar të vitit 1967 në Strumicë. Shkollën e mesme të mjekësisë e ka kryer në Shkup, dega laborant mjekësor, më pas e ka mbaruar arsimin e lartë poashtu degën e mjekësisë në Manastir ku edhe e ka fituar titullin analist laboratorik i diplomuar. Ka punuar si udhëheqës në Laboratorinë Kliniko-Biokimike në qendrën mjekësore në Strumicë ku edhe ka përfituar përvojë të jashtëzakonshme në menaxhim, udhëheqje dhe punë në grupe. Flet tre gjuhë të huaja: anglisht, gjermanisht dhe greqisht. Veprimtaria humanitare dhe përkrahja ndaj personave me gjendje sociale të pafavorizuar janë aktivitete të cilat e pasqyrojnë karakterin human të z. Stojanov, andaj me kënaqësi të madhe e thekson anëtarësimin në Bordin drejtues të Kryqit të Kuq në Strumicë. Në zgjedhjet lokale të vitit 2013 qytetarët e zgjedhin për kryetar të komunës Vasilevo për herë të dytë. Nga mandati paraprak Stojanov i veçon projektet që kanë siguruar zhvillim më të madh ekonomik lokal siç janë këto në vijim: hapja e zonave industriale, ndërsa me domethënie të veçantë për banorët merren edhe projektet

за жителите се и проектите за изградбата на детска градинка, спортска сала во Василево, асфалтирањето на повеќе локални патни правци, изградба на водовод. Член е на Управниот одбор на ЗЕЛС од јули, 2011 година. Оженет е и татко на две деца.

dedikuar ndërtimit të çerdhes për fëmijë, salës sportive në Vasilevë, asfaltimi i më shumë rrugëve lokale si dhe ndërtimi i ujësjellësit. Mes tjerash, Stojanov është anëtar i Bordit drejtues të BNJVL-së që nga korriku i 2011-tës. Është i martuar dhe ka dy fëmijë.

Општина Вевчани
Градоначалник: **ЦВЕТОМИР УГРИНОСКИ**
(ВМРО-ДПМНЕ)



Komuna e Vevçanit
Kryetar: **CVETOMIR UGRINOSKI**
(VMRO-DPMNE)

Цветомир Угриноски е роден во 1952 година, во Вевчани. Од 1971 до 1990 бил ко-сопственик на приватна градежна компанија во Словенија, потоа од 1991 до 2000 година бил ко-сопственик на градежна компанија во земјава, со седиште во Вевчани. Исто така, се занимавал со угостителска дејност и во периодот од 1984 до 2000 година и бил ко-сопственик на приватен угостителски објект-ресторан (Вевчани). Од 2000 година има сопствена градежна компанија и е сопственик и управител на приватен сместувачки капацитет (Вевчани). Во Република Словенија во осумдесеттите и деведесеттите години учествувал на поголем број семинари и курсеви од областа на градежништвото кои биле поврзани со имплементирање на нови стандарди во оваа област, од високоградба, нискоградба и уредување на јавни површини (паркови, плоштади, како и дворни места). Завршил Политичка академија за јакнење на локално ниво. Преку долгогодишното искуство во приватниот сектор, како сопственик на компанија со повеќе од 100 вработени ги зајакнал своите менаџерски способности, како и способностите за планирање и развој. Во 2013 година, на локалните избори, жителите на општина Вевчани му ја довериле градоначалничката функција. Оженет е и татко на две деца.

Cvetomir Ugrinoski ka lindur më vitin 1952 në Vevçani. Nga viti 1971 deri më 1990 ka qenë bashkëpronar i një ndërmarrjeje private ndërtimore në Sloveni, ndërsa nga 1991 deri më 2000 ka qenë bashkëpronar i një ndërmarrjeje ndërtimore në vend, me seli në Vevçani. Gjithashtu, është marrë edhe me veprimtari hotelierike. Andaj, nga 1984 deri më 2000 ka qenë bashkëpronar edhe i një objekti privat hotelierik Restoran në Vevçani. Nga viti 2000 është pronar i një ndërmarrje ndërtimore si dhe pronar dhe udhëheqës i një objekti akomodimi në Vevçani. Në Republikën e Slovenisë në vitet e `80-të dhe `90-të ka qenë pjesëtar i një sërë seminaresh dhe kursesh nga lëmia e ndërtimtarisë të lidhura me zbatimin e standardeve të reja nga kjo lëmi, nga lëmia e ndërtimit të nivelit të lartë dhe të ulët si dhe rregullimi i sipërfaqeve publike (parqe, sheshe dhe kopështe). Ka kryer Akademinë Politike për përforcim në nivel lokal. Gjatë përvojës shumëvjeçare në sektorin privat, si pronar i një ndërmarrjeje me më shumë se qindra të punësuar i ka përvetësuar aftësitë e veta të menaxhimit, si dhe aftësitë për planifikim dhe zhvillim. Në zgjedhjet lokale të vitit 2013 banorët e Vevçanit përsëri e kanë zgjedhur kryetar komune. Është i martuar dhe ka dy fëmijë.

Општина Велес
Градоначалник: **СЛАВЧО ЧАДИЕВ**
(ВМРО-ДПМНЕ)



Komuna e Velesit
Kryetar: **SLLAVÇO ÇADIEV**
(VMRO-DPMNE)

Славчо Чадиев е роден во 1959 година во Велес. Дипломирал на Дефектолошкиот факултет во Белград. Магистерски студии завршил на Институтот за дефектологија при Филозофски факултет на УКИМ, во Скопје и ја носи титулата: Магистер - Сурдолог. Бил вработен во „ЈЗУ Општа болница" Велес, ОРЛ одделение. Потпретседател е на Сојузот на дефектолози на Македонија, долгогодишен соработник на Сојузот на глуви и наглуви на Република Македонија како и на Заводот за глуви лица „Кочо Рацин" од Битола. Активен е во подружниците на „Сојузот на глуви и наглуви" и „Сојузот на слепи лица" во Велес. Зборува англиски јазик. Од 2005 до 2009 година е Претседател на Советот на општина Велес, при што од јуни 2011 година е член на Комитетот на советите, еден од четирите главни органи на ЗЕЛС. На локалните избори во 2013 е избран за Градоначалник на општина Велес. Оженет и татко на две деца. Негово хоби е риболовот. Љубител е на спортот, а особен акцент става на карате вештината што ја практикувал. Има значаен придонес и во создавањето и афирмирањето на извидништвото во Велес. Негова животна определба е кршење на бариерите и актуелизирање на третманот на лицата со пречки во развојот, како и нивно интегрирање во системот .

Sllavço Çadiev ka lindur më vitin 1959 në Veles. Ka diplomuar në Fakultetin e Defektologjisë në Beograd. Studimet e magjistraturës i ka mbaruar në Institutin e Defektologjisë në kuadër të Fakultetit Filozofik në Univerzitetin "Shën Qirili dhe Metodi" në Shkup, ku e fitoi titullin: Magjistër-Surdolog. Ka qenë i punësuar në IPSH "Spitali i Përgjithshëm" Veles, departamenti i ORL-së. Është edhe nënkryetar i Lidhjes së Defektologëve në Maqedoni, bashkëpunëtor shumëvjeçar i Lidhjes të të shurdhërve dhe pjesërisht të shurdhërve në Republikën e Maqedonisë si dhe në "Entin e të shurdhërve"-Koço Racin në Manastir. Aktivisht merr pjesë në filialet e "Lidhjes e të shurdhërve dhe pjesërisht të shurdhërve" dhe në "Lidhjen e personave të verbër" në Veles. E flet gjuhën angleze. Nga viti 2005 deri më vitin 2009 ka qenë kryetar i Këshillit në komunën e Velesit, ku nga qershori i 2011-tës është anëtar i Komitetit të Këshillave, gjegjësisht një prej katër anëtarëve kryesorë të BNJVL-së. Në zgjedhjet lokale të 2013-tës u zgjodh kryetar i komunës së Velesit. Është i martuar dhe ka dy fëmijë. Hobi e ka peshkimin dhe sportin, ndërsa veçanërisht e adhuron karaten, aftësitë e së cilës i ka praktikuar. Ka dhënë kontribut të jashtëzakonshëm edhe në krijimin dhe afirmimin e pararojës. Përcaktimi i tij i jetës është largimi i barierave dhe aktualizimi i trajtimit të personave me pengesa në zhvillim dhe integrimi i tyre në sistem.

Општина Виница
Градоначалник: **ЕМИЛ ДОНЧЕВ** (ВМРО-ДПМНЕ)



Емил Дончев роден е на петти март, 1974 година во Штип. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, во 1998 година, на отсекот менаџмент. Во декември, 2001 година се вработил во ЈП Македонски шуми - подружница Виница, како референт за план и анализа и бил раководител. Во октомври, 2006 година бил именуван за директор на Државниот комунален инспекторат во состав на Министерството за транспорт и врски. Во јануари 2008 година станал раководител на Даночното одделение во УЈП, во Виница. На локалните избори во 2013 година, по втор пат е избран за градоначалник на општина Виница.
Оженет е и татко на две малолетни деца. За себе вели дека е личност со добри организациски и комуникациски способности, одговорен, совесен и ефикасен во извршувањето на зададените задачите.

Komuna e Vinicës
Kryetar: **EMILL DONÇEV** (VMRO-DPMNE)

Ka lindur me pesë mars te vitit 1974 ne Shtip. Ka diplomuar në Fakultetin Ekonomik në Shkup në vitin 1988 dega e menaxhimit. Në dhjetor të vitit 2001 është punësuar në Ndërmarrjen Publike "Makedonski Shumi" në filialën e Vinicës si referent për plan dhe analizë dhe ka qenë udhëheqës. Në tetor të vitit 2006 është emëruar drejtor i Inspektoratit shtetëror komunal në përbërje të Ministrisë së Transportit dhe lidhjeve. Në janar të vitit 2008 u bë udhëheqës i Departamentit për Tatim në Administratën për Furnizime Publike në Vinicë. Në zgjedhjet lokale të 2013-tës, është zgjedhur kryetar i komunës së Vinicës. Është i martuar dhe ka dy fëmijë të mitur. Për veten thotë se është person me aftësi të mira organizuese dhe komunikuese, i përgjegjshëm, i ndërgjegjshëm dhe efikas në kryerjen e obligimeve që i jepen.

Општина Врапчиште
Градоначалник: **БАЈРАМ КАДРИЈА** (ДУИ)



Бајрам Кадрија е роден на 14 декември 1975 година, во Гостивар. Со високо образование се стекнал на Универзитетот во Тетово, на Факултетот за уметности, насока: Графика. Работел како професор во средното Економско и техничко училиште во Гостивар. Во периодот од 2005 до 2009 година бил советник на Општинскиот совет на Врапчиште. На локалните избори во 2009 година е избран за градоначалник на оваа општина и по втор пат и на изборите во 2013 година . Живее во село Врапчиште и е родител на три деца.

Komuna e Vrapçishtit
Kryetar: **BAJRAM KADRIJA** (BDI)

Bajram Kadrija ka lindur më 14 dhjetor të vitit 1975 në Gostivar. Arsimin e lartë e ka kryer në Univerzitetin e Tetovës në Fakultetin e arteve, dega e grafikut. Ka punuar si profesor në shkollën e mesme ekonomike dhe teknike në Gostivar. Në periudhën kohore 2005-2009 ka qenë këshilltar në Këshillin e Komunës së Vrapçishtit. Në zgjedhjet lokale të 2009-tës është zgjedhur kryetar i kësaj komune, ndërsa për herë të dytë të njejtin pozicion e fitoi në vitin 2013. Banon në fshatin Vrapçisht dhe ka tre fëmijë.

Општина Гази Баба
Градоначалник: **ТОНИ ТРАЈКОВСКИ** (ВМРО-ДПМНЕ)



Тони Трајковски е роден 1973 година, во Скопје. Дипломирал на Машинскиот Факултет во Скопје, 2001 година. Од 2001-2003 година работел во АД „ЕСМ"- Скопје. Во периодот од 2003–2005 година бил вработен во НДИ (National Democratic Institute). Во тој период активно учествувал на голем број обуки, семинари и работилници за подобрување на парламентарната демократија. Во 2007 година се вработил во АД „ЕЛЕМ" – Подружница Енергетика – Скопје, како одговорен инженер за развој и инвестиции, а потоа бил директор на Подружницата. Во 2005 година е избран за советник во Советот на општина Гази Баба, а по овластување од градоначалникот до 07.07.2008 година ја извршувал функцијата заменик градоначалник, по што бил избран за претседател во Советот на општина Гази Баба. Негово хоби е спортот : фудбал, кошарка, одбојка. На локалните избори во 2009 година е избран за градоначалник на општина Гази Баба, а граѓаните му ја даваат довербата и на локалните избори во 2013 година. Во периодот од 2009 до 2011 година бил претседател на Советот за развој на Скопскиот плански регион. Од јули 2011 година е претседател на Надзорниот одбор на ЗЕЛС. Како претставник од ЗЕЛС бил заменик –делегат во Генералното собрание на НАЛАС. Трајковски е женет и има две деца.

Komuna e Gazi Babës
Kryetar: **TONI TRAJKOVSKI** (VMRO-DPMNE)

Toni Trajkovski ka lindur më vitin 1973 në Shkup. Ka diplomuar në Fakultetin e Inxhinierisë Mekanike në Shkup në vitin 2001. Nga 2001 deri më 2003 ka punuar në NP "ESM"-Shkup. Në periudhën nga 2003 deri më 2005 ka punuar në IDK (Instituti Demokratik Kombëtar). Gjatë kësaj periudhe aktivisht ka marrë pjesë në disa trajnime, seminare dhe punëtori dedikuar përmirësimit të demokracisë parlamentare. Në vitin 2007 është punësuar në NP "ELEM"-Filiala e Energjetikës-Shkup, si inxhinier përgjegjës për zhvillim dhe investime. Më pas, ka qenë edhe drejtor i filialës. Në vitin 2005 është zgjedhur këshilltar i Këshillit në komunën e Gazi Babës, ndërsa me autorizimin e kryetarit deri më datë 07.07.2008 ka kryer pozicionin zëvendës-kryetar, duke u zgjedhur më tutje edhe si kryetar i Këshillit të komunës së Gazi Babës. Hobi i tij është sporti, sidomos: futbolli, basketbolli dhe volejbolli. Në zgjedhjet lokale të 2009-tës është zgjedhur kryetar i komunës së Gazi Babës. Pastaj, në vitin 2013 qytetarët përsëri e zgjodhën kryetar komune. Në periudhën kohore 2009-2011 ka qenë kryetar i Këshillit për zhvillim të regjionit planifikues të Shkupit. Nga korriku i 2011-tës është kryetar i Bordit mbikëqyrës të BNJVL-së. Si përfaqësues i BNJVL-së, ka qenë edhe zëvendës-delegat në Kuvendin Gjeneral të NALAS-it. Trajkovski është i martuar dhe ka dy fëmijë.

Општина Гевгелија
Градоначалник: **ИВАН ФРАНГОВ**
(ВМРО-ДПМНЕ)



Komuna e Gjevgjelisë
Kryetar: **IVAN FRANGOV**
(VMRO-DPMNE)

Иван Франгов е роден на деветти декември, 1969 година во Гевгелија. Дипломирал на УКИМ- Скопје, на Економскиот факултет, во мај 1994 година на насока Надворешна трговија и маркетинг. По завршувањето се вработил во приватни фирми, каде брзо напредувал, а од септември 2007 година работел во Управата за јавни приходи, како раководител на Даночното одделение -Гевгелија. На локалните избори во 2009 година бил избран за градоначалник на општина Гевгелија и во четиригодишниот мандат реализирал над 240 проекти во општината, меѓу кои: донесени се над 30 урбанистички планови, инфраструктурно е уредена стопанската зона „Блокотехна“, изградени се повеќе километри атмосферска канализација, реконструирани поголем број училишта, градинки, народниот театар, мостови....Бил избран за член на Управниот одбор на ЗЕЛС, а како претставник од ЗЕЛС е заменик –делегат во Конгресот на локални и регионални власти при Советот на Европа и заменик -делегат во Заедничката консултативна комисија меѓу Република Македонија и Комитетот на регионите на Европската унија. На локалните избори, во 2013 година, по втор пат граѓаните на општина Гевгелија му ја дале довербата за градоначалник. Оженет е и татко на две деца.

